**ОПШТИНА КОНЧЕ**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(``Сл.весник на РМ``бр.5/02), член 14 став 8 од Законот за јавни патишта(``Сл.весник на РМ``бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15 и 31/16) и член 11 став 1 точка 12 од Статутот на општина Конче, Советот на општина Конче на седницата одржана на ден 13.12.2022 год. донесе

# П Р О Г Р А М А
## за одржување на локални и полски патишта и зимско одражување на локални патишта и улици на територијата на општина Конче за 2023 година

**1. Цел на Програмата**
**2. Обем, динамика и ниво на одржување**
**3. Организациска поставеност на службата за зимско одржување н обврски на учесниците**
- **3.1 Претпријатие на кое ќе му биде доверена работата**
- **3.2 Советот на општина Конче**
- **3.3 Единицата на локална самоуправа**
- **3.4 Надзорен орган**
- **3.5 Други учесници**
- **3.6.Износ на финансиски средства за реализација на програмата и нивна распределба.**

**4. Прилози:**
- **4.1 Преглед на приоритетното чистење на локалните патишта и улици**

## ВОВЕД

Одржувањето на локаните и полските патишта на територијата на општина Конче е од особено значење за граѓаните на населените места во општина Конче. Во изминатите години од постењето на општина Конче како единица на локлната самоуправа проблемот и прашањето за одржување на локалните а особено полските патишта беше еден од битните прашања за кои граѓаните бараа негово разгледување и изнаоѓање на некакво решение. Проблемот е особено актуелен околу одржувањето на полските патишта во општина Конче која како руруална општина во која 90 % од населението се занимава со земојделие можноста за побрзо и подобро пристигање до нивните земјоделски површини , ораници и посеви по проодни земјени патишта е голема потреба.
Оваа е особено важно бидејки од причини што повеќе години не редовното одржување или одржување со мали интервенции беше последица состојбата да граѓаните многу тешко пристигнат до своите земјоделски површини а од кои главно им зависи целата нивна семејна економија.

**Дефинирање на обврските на сите учесници во реализација на Програмата**

## 2. Обем, динамика и ниво на одржување

### 2.1. Обем на одржување
Тргнувајќи од основната цел на Програмата, физичкиот обем на работите е утврден согласно приоритетот за:

- оспосбување на земините површини(коловози) на полските и локалните патишта во проодна состојба во текот на целата година и тоа:

- редовно одржување на продоноста на постојните полски и локални патишата за движење на граѓаните со земјоделска и друга механизација и возила и

- оспособување на коловозите за функционирање на сообраќајот и тоа:

локални патишта и улици по соодветен приоритет,по кој се одвива сообраќајот, витални локални патишта и улици (од локален пат или улица до објектот) до објекти чие функционирање е од витално значење за општината.

**2.2. Ниво и динамика на одржување**

1.Чистење и прочистување(порамнување) на полски и локални земјени патишта се врши по следниот приоритет:

- Полски и локални патишта во близина на секое населено место во должина до два километра кои се витално за секое населено место,
- Полски и локални патишта во секое населено место кои се од помало знаење но како патишата сепак се користат од населението во секое населено место.
- Отстанувањето на наносите од невреме и поројни дождови се врши според приоритетот на полскиот и локалниот пат.

Дежурстовото се обезбедува конинуирано секој месец во текот на целата година.

2.Расчистување на коловозните површини се врши по следниот приоритет:

- локални патишта и улици од прв приоритет, по кој се одвива сообраќајот по асфалтиран коловоз и кон објекти кои се од витално значење за општината;
- локални патишта и улици од втор приоритет, по кој се одвива сообраќајот по тампониран или земјен коловоз.

Одстранувањето на подмрзнатиците во услови кога нема врнежи се врши по приоритетот на локалниот пат или улица по кој се одвива сообраќајот.

Дежурството се обезбедува континуирано во зимскиот период.

Одговорните дежурни работници одржуваат контакти со сите субјекти, ја спроведуваат Програмата и даваат потребни информации на надлежните субјекти и граѓани.

Дежурството го спроведуваат вработените од претпријатието на кое ќе му бидат доверени работите, со својата ангажирана механизација и работна сила, и тоа според приоритетноста одредена со оваа Програма.

Полските и локалните земјени патишта од прв приоритет ќе бидат обезбедени за движење во тек на 3 односно 5 дена од настанување на оштетувања и затрупувања.

Полските и локалните земјени патишта од втор приоритет ќе бидат обезбедени за движење во тек на 10 односно 14 дена од настанување на оштетувања и затрупувања.

За зимското одржување

Локалните патишта и улици од прв приоритет ќе бидат оспособени за функционирање на сообраќајот во зимски услови најдоцна до 7,00 часот или за најмногу 5 (пет) часа по престанокот на врнежите од снег.

Локалните патишта и улици од втор приоритет ќе се оспособуваат за 12-24 часа по оспособувањето на локалните патишта и улици од прв приоритет.

Предпријатието на кое му е доверена работата за одржувањето на полските и локалните патишта како и зимско одржување на локалните патишта и улици на територијата на општина Конче,треба да располага минимум со следната механизација и работна сила:

- трактор со јачина од најмалку 80 КС со нож за чистење на снегот и
- Градежна машина СКИП минимум 80 КС со нож за чистење земја,друг материјал и снег.
- шест вработени (работници).
- Доколку е потребно да се вклучи и друга механизација, тоа го врши предпријатието
- на кое му е доверена работата, по предходна согласност од надзорниот орган, а по налог на нарачателот.

3. Организациска поставеност на службата за зимско одржување на обврски на учесниците
На подрачјето на општина Конче службата за одржување на полските и локалните патишта и зимско одржување ја организира Единицата на локална самоуправа –Конче, како носител на сите работи и активности кои се однесуваат на целокупното функционирање на истата.
Преку својот надзорен орган ја следи реализацијата на Програмата и издава налози за работа.
Извршувањето на програмата го врши Општина Конче преку ЈКП „Лакавица„ Конче.
Функционирањето на службата за одржување на полски и локални и земјени патишта и зимско одржување се остварува сследната организациска поставеност:

**3.1. Претпријатие на кое ќе му бидат доверени работите**

Претпријатието на кое ќе му бидат доверени работите формира тело за организирање и раководење на службата за за одржување на полски и локални земјени патишта и зимско одржување. Телото ја следи реализацијата на оваа Програма и заедно со стручната служба одлучува за преземање на потребни активности за справување со проблемите предизвикани од временските неприлики.
Претпријатието ги има следните задолженија:
-претпријатието организира контрола на состојбата на полски и локални земјени патишта
- организира непрекинато 24 часовно дежурство во текот на целиот зимски период;
- со специјална машина, опрема и работна рака врши чистење на полските и локалните паштишта и чистење на снегот и
посипување на песок-ризла на коловозните површини;
- машината и другата потребна опрема ја одржува во исправна состојба за
дејствување во сите услови и посебно зимски услови;
- води комплетна документација за работата на службата за одржување на полски и локални земјени патишта и зимско одржување;
- редовно и навремено го информира нарачателот и надзорниот орган за работата на
службата за одржување на полски и локални земјени патишта и зимско одржување;
- секојдневно изготвува и доставува извештаи за извршената работа на службата за
за одржување на полски и локални земјени патишта и зимско одржување до нарачателот.
- организира редовно дежурство со потребна опрема и алат, резервни делови и
стручен кадар со цел обезбедување исправност на механизацијата и успешно
дејствување на службата за зимско одржување;
- за сезоната 2023 година во доволни количини да обезбеди песок-ризла за посипување на коловозните површини.

**3.2. Советот на општина Конче**

- ја усвојува оваа Програма; и
- го контролира извршувањето на оваа Програма.

**3.3. Единицата на локална самоуправа**

- ги координира активностите на сите задолжени субјекти во извршувањето
на задачите од Програмата;
- преку локалните средства за јавно информирање и месните заедници
врши информирање за работата на службата за одржување на полски и локални земјени патишта и за зимско одржување.

**3.4. Надзорен орган**

Надзорниот орган го определува носителот на работите со решение со кое ги определува работните задачи при реализацијата на Програмата за организарење и функционирање на службата за одржување на полски и локални земјени патишта и зимско одржување на подрачјето на општина Конче за сезоната 2023 година.

Надзорниот орган ги врши следните работи:

- ја следи работата на извршителот на работите и за тоа изготвува комплетна техничка документација;
- врши координација со органите и телата на Советот на општина Конче,со РЦУК-Радовиш , Министерството за внатрешни работи и други учесници, претпријатија, заедници и граѓани;
- дава налог за работа на претпријатието на кое му се доверени работите;
- врши и други работи и работни задачи во врска со реализацијата на Програмата.

**3.5. Други учесници**

3.5.1. Министерството за внатрешни работи го контролира и регулира сообраќајот во новонастанатите состојби на регионалните и локалните патишта во општина Конче и секогаш ќе биде непосредна врска со сите задолжени субјекти како би се овозможило непречено чистење на истите.

3.5.2. Надлежниот општински орган за комунални работи се грижи за спроведување на Одлуката за одржување на комунален ред на подрачјето на општина Конче, во делот на отстранување на наноси, шут, камења, снегот и мразот, преку инспекциските служби.

3.5.3. Државниот хидрометеоролошки завод преку РЦУК-Радовиш доставува извештаи (дневни, тродневни, неделни и месечни) за временските услови до општина Конче, претпријатието на кое му е доверена работата и надзорот.

3.5.4. ``ЕВН``АД Скопје ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните електроинсталации.

3.5.5. Подрачното одделение на ``Македонски телекомуникации``АД Скопје ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надвозните ТТ уреди и инсталации.

3.5.6. Претпријатијата и заедниците чии отворени објекти и простории се користат од страна на граѓаните (училишта, амбуланти, бензиски пумпи, гробишта и слични објекти) преземаат брзи и ефикасни мерки за отстранување на снегот и подмрзнатиците од овие објекти и простории.

3.5.7. Претпријатијата, заедниците и граѓаните-сопственици, односно корисници на деловни згради и деловни простории (, дуќани,продавници, ресторани и сл.објекти) преземаат мерки за отстранување на снегот и подмрзнатиците од пред овие објекти.

3.5.8. Граѓаните го чистат снегот и подмрзнатицата од патеките и приодите пред своите домови.

За сите оние кои нема да ги извршуваат потребните работи ќе се постапува според Одлуката за комунален ред.

**3.6.Износ на финансиски средства за реализација на програмата и нивна распределба**

Вкупно планирани финансиски средства за реализација на програмата се предвидува во износ од 2.500.000,00 денари од кои:

1. Износ од 1.800.000,00 денари за тековно одржување на локални патишта и улици и полски патишта
2. Износ од 700.000,00 денари за зимско одржување локални патишта и улици.

- Работна ангжираност на вработени на ЈП Лакавица од ден работник-1.200,00 денари без вклучен персонален данок.
- Вградување на асфалт(крпење на дупки) по пазарни цени од единечна мера тон.

Сообраќајна сигнализација

***Обележување на хоризонтална сигнализација :**

| Бр. | Опис на работите | Единечна мерка | Единечна цена без ДДВ |
|---|---|---|---|
| 1. | Полни и испрекинати линии 12 цм | м² | 170 |
| 2. | Полни и испрекинати линии d=15цм | м² | 170 |
| 3. | Пешачки линии – зебри | м² | 170 |
| 4. | Обележување на паркинг | Бр. | 900 |
| 5. | Обележување на знакот за велосипед | Бр. | 900 |
| 6. | Обележување на двонасочни стрелки од 1,2 до 1,6 | Бр. | 1.200 |
| 7. | Обележување на двонасочни и кружни стрелки од 2,2 м² до 2,6 м² | Бр. | 1.200 |
| 8. | Обележување острови коцки, триаголници и школо | м² | 170 |
| 9. | Фарбање на ивичнаци | м² | 170 |
| 10. | Обележување на велосипедска патека, црвена боја | м² | 180 |
| 11. | Ознаки: автобус, такси и друго | м² | 180 |

***Работни задачи со механизација :**

| Бр. | Опис на работите | Единечна мерка | Единечна цена без ДДВ |
|---|---|---|---|
| 1. | Вршење на активности со скип-машина | Час | 3.000 |
| 2. | Вршење на активности со мулчер | Час | 3.000 |
| 3. | Трактор со приколица | Тура | 1.000 |
| 4. | Трактор со цистерна | Тура | 1.200 |
| 5. | Трактор со рамнач | Час | 3.000 |

**4. Преглед на приоритетното чистење на полските и локалните патишта и улици**

Локални патишта и улици на територијата на општина Конче од прв и втор приоритет:

Одржување на полски земјени патишта и локални патишта

| Р.бр. | Вид на делница | Приоритет и опис на делница | Приоритети I | II |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Полски патишта | Полски патишта во непосредна близна на секое населено место во оддалеченост до два км (витални земјени патишта) | 1 | |
| 2 | Локален пат | Локални патишта(земјени наноси) | 1 | |
| 3 | Полски патишта | Споредни полски патишта во секое населено место во оддалеченост до два км (пасивни земјени патишта) | | 1 |
| 4 | Улици во населени места | Странично расчистување на улици од земјен и друг материјал во населени места | | 2 |

Зимско одржување на патишта и улици

| Р.бр. | Вид на делница | Приоритет и опис на делница | Приоритети I | II |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Локален пат | Локален пат с.Габревци(бензинска пумпа Макпетрол-с.Габревци) | 1 | |
| 2 | Локален пат | Локален пат с.Д.Липовиќ- | 1 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Г.Липовиќ | | |
| 3 | Локален пат | Локален пат Габревци-Враштица-Боров дол-Мантово | | 2 |
| 4 | Локален пат | Лубница-Скоруша-Загорци-Гарван | | 2 |
| 5 | Локален пат | Габревци-Долни Радеш | | 2 |
| 6 | Улици | Конче –централно подрачје | 1 | |
| 7 | Улици | Конче- вон централно подрачје | | 2 |
| 8 | Улици | Лубница | | 2 |
| 9 | Улица | Од Р-602-Ракитец | 1 | |
| 9 | Улици | Габревци | | 2 |
| 10 | Улици | Дедино | | 2 |
| 11 | Улици | Ракитец | | 2 |
| 12 | Улици | Д.Липовиќ | | 2 |
| 13 | Улици | Г.Липовиќ | | 2 |

Одржувањето на послите патишта на територијата на општина Конче ќе се врши по налог на Градоначалникот и Советот на општина Конче.
Зимското одржување на локалните патишта и улици на територијата на општина Конче кои не се предвидени со оваа Програма ќе се врши само во исклучителни случаеви и со посебен налог од нарачателот.
Оваа Програма влегува во сила со денот на нејзиното објавување во ``Сл.гласник на општина Конче``.

Број 08-1770/4
Дата 13.12.2022
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Александра Ристова,